# 366. ЈАС СУМ МЛАД И УБАВ




Јас сум млад и убав, јас пак немам жена,
рам, там, горе на планина, јас пак немам жена.

И мајка ми рече, ожени се сину,
рам, там, горе на планина, ожени се сину.

Години се врват, момите се мажат,
рам, там, горе на планина, момите се мажат.

Дојде ред, на мене, си земах бабичка,
рам, там, горе на планина, си земах бабичка.

Малко време мина, ми умре бабичка,
рам, там, горе на планина, јас пак немам жена.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995